- Илавски/Iławski,
- Островиецки/Ostrowiecki,
- Зиелоногорски/Zielonogorski,
- Лецзински/Leczynski,
- Сиерадски/Sieradzki,
- Радзински/Radzynski,
- Грудзиадзки/Grudziadzki,
- Горзовски/Gorzowski,
- Келмински/Chelminski,
- Мислиборски/Mysliborski,
- Иновроцлавски/Inowroclawski,".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-438/1 — Агенција за храна
18 февруари 2021 година — и ветеринарство
Скопје — в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

**672.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА РОМАНИЈА**

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од регионот Илфов/Ilfov во Република Романија.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,
- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,
- домашни миленици во придружба на сопственикот,
- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,
- птици наменети за научно-истражувачки институти или центри и
- гулаби-писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени,

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

6) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч,

7) сурова храна за домашни миленици и непреработен материјал за храна за исхрана на животни кој содржи делови од месо од живина и пернат дивеч и

8) нетретирани трофеи од пернат дивеч.

Член 2

По исклучок од член 1 став (2) точка 6) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч само доколку месото од овие видови било подложено на еден од специфичните третмани B, C или D дадени во Прилог 6 Дел 6 Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (*1).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-441/1 — Агенција за храна
18 февруари 2021 година — и ветеринарство
Скопје — в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**673.**

Врз основа на членовите 158-б став (1) точка 4), 158-ѕ точка (1) и 112 став (3) а во врска со член 112 став (2) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 31/20), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 15.2.2021 година донесе

(*1) Прилог 6 Дел 6Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло е усогласен со Дел 4 од Анекс II од Одлуката на Комисијата 2007/777/ЕК од 29 ноември 2007 година за здравствените барања на животните и јавното ветеринарно здравство и моделите на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз на одредени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева за исхрана на луѓе од трети земји и со која се повлекува Одлуката 2005/432/ЕК, CELEX бр. 32007D0777.

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА АКТУАР СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ СО КОЈ СЕ ДОКАЖУВА ДЕКА ЛИЦЕТО ИМА АДЕКВАТНО ЗНАЕЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ПРАКСАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПОТРЕБНИ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: стручен испит).

Член 2

Постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и постапката за полагање на стручен испит ги спроведува Комисија за спроведување на стручен испит за актуар (во понатамошниот текст: Комисија) формирана од Советот на експерти на Агенцијата согласно Правилникот за начинот и постапката на спроведување на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар.

II. УСЛОВИ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА АКТУАР СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

Член 3

(1) Лице кое има стекнато квалификација за актуар во странство може да бара признавање на квалификација за актуар стекната во странство и да полага стручен испит доколку квалификацијата за актуар стекната во странство е со стандарди не пониски од стандардите што се бараат со Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: законот) и Правилникот за начинот и постапката на спроведување на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар.

(2) Како квалификацијата за актуар стекната во странство во смисла на одредбите од став (1) од овој член се подразбира:

1) квалификација стекната кај соодветна високообразовна институција во странство, во рамки на магистерски или докторски студии, која е потребен и доволен услов за признавање на техничко-образовните квалификации на лицето од страна на институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар, за целите на издавање дозвола за работа како овластен актуар. Под техничко-образовни квалификации се подразбираат само испитите кои се однесуваат на општите актуарски вештини, односно под техничко-образовни квалификации не се подразбираат испитите кои се специфични за законодавството и праксата на државата во која барателот ја стекнал квалификацијата;

2) квалификација стекната кај институција надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за работа како овластен актуар во странство која е потребен и доволен услов за признавање на стручните квалификации на лицето од страна на институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар, за целите на издавање дозвола за работа како овластен актуар. Под стручни квалификации, покрај техничко - образовните квалификации се подразбираат и испитите кои се специфични за стекнување знаење од областа на законите и праксата на државата во која барателот ја стекнал квалификацијата, или

3) дозвола за работа како овластен актуар издадена од страна на институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство.

III. ПОСТАПКА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА ЗА АКТУАР СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО

**Барање и потребна документација за признавање на квалификација за актуар стекната во странство**

Член 4

(1) За признавање на квалификација за актуар стекната во странство до Агенцијата се доставува Барање за признавање на квалификација за актуар стекната во странство на Образец Барање за признавање на квалификација за актуар стекната кај соодветна високообразовна институција во рамки на магистерски или докторски студии во странство кој е даден во Прилог 1 од овој правилник; на Образец Барање за признавање на квалификација за актуар стекната кај институција надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство кој е даден во Прилог 2 од овој правилник; или на Образец Барање за признавање на квалификација за актуар која претставува дозвола за работа како овластен актуар издадена од страна на институција надлежна за издавање на дозвола за работа како овластен актуар кој е даден во Прилог 3 од овој правилник.

(2) Доколку квалификацијата за актуар е стекната кај соодветна високообразовна институција во странство, во рамки на магистерски или докторски студии согласно член 3 став (2) точка 1), но не е доволна за признавање на стручните квалификации на барателот согласно член 3 став (2) точка 2), кон барањето за признавање на квалификација за актуар стекната во странство од став (1) на овој член се доставува:

1. фотокопија од Диплома издадена од странската високообразовна институција (еден примерок заверен на нотар);

2. превод од странската високообразовна диплома (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар);

3. документ за признавање (нострификација) на странската високо образовна диплома издаден од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија;

4. фотокопија од уверение со оценки/транскрипт или додаток на диплома (еден примерок заверен на нотар);

5. превод од уверение со оценки/транскрипт или додаток на диплома (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар);

6. студиски план и програма во времетраење на студирањето објавени од страна на странската високообразовна институција;

7. доказ дека стекнатата квалификација ги исполнува условите од член 3 став (2) точка 1) од овој правилник;

8. доказ за платен надоместок за признавање на квалификација за актуар стекната во странство согласно Тарифникот на Агенцијата;и

9. друга документација на барање на Комисијата.

(3) Доколку квалификацијата за актуар е стекната кај институција надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство согласно член 3 став (2) точка 2) или стекнатата квалификација е дозвола за работа како овластен актуар согласно член 3 став (2) точка 3), кон барањето за признавање на квалификација за актуар стекната во странство од став (1) на овој член се доставува:

1. фотокопија на Потврда/Уверение за положени испити за признавање на стручните квалификации согласно член 3 став (2) точка 2) или фотокопија на Решение за дозвола за работа како овластен актуар согласно член 3 став (2) точка 3), издадена од институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство (еден примерок заверен на нотар);

2. превод од Потврда/Уверение за положени испити за признавање на стручните квалификации согласно член 3 став (2) точка 2) или превод од Решение за дозвола за работа како овластен актуар согласно член 3 став (2) точка 3), издадена од институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар);

3. наставен план и програма во времетраење на студирањето објавени од страна на институција надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство или институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар;

4. доказ дека стекнатата квалификација ги исполнува условите од член 3 став (2) точка 2 од овој правилник, односно доказ дека институцијата која ја издала Потврдата/Уверението/Решението од точка 1 од овој став е институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство;

5. доказ за редовно членство во актуарско здружение, доколку кандидатот има дозвола за работа како овластен актуар согласно член 3 став (2) точка 3) од овој правилник и е редовен (целосно квалификуван) член на актуарско здружение;

6. доказ за платен надоместок за признавање на квалификација за актуар стекната во странство согласно Тарифникот на Агенцијата;и

7. друга документација на барање на Комисијата.

**Постапка за признавање на квалификација за актуар стекната во странство**

Член 5

(1) Комисијата ќе признае квалификација за актуар стекната во странство доколку квалификацијата опфаќа теми од сите предмети предвидени со Наставната програма за полагање на стручен испит за актуар согласно Правилникот за начинот и постапката на спроведување на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар и доколку Комисијата оцени дека постои најмалку 80% поклопување со техничко-образовниот дел од Наставната програма.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, Комисијата може да признае квалификација за актуар стекната во странство без дополнително вреднување на истата доколку квалификацијата претставува дозвола за работа како овластен актуар во странство и овластениот актуар е редовен (целосно квалифициран) член на актуарско здружение - членка на меѓународното актуарско здружение и/или актуарското здружение во Европа.

(3) Доколку Комисијата утврди дека квалификацијата за актуар стекната во странство е со стандарди не пониски од стандардите што се бараат со законот и Правилникот за начинот и постапката на спроведување на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар, Комисијата до Советот на експерти на Агенцијата ќе достави предлог, а Советот на експерти на Агенцијата ќе донесе решение за признавање на квалификацијата за актуар стекната во странство; а доколку Комисијата утврди дека квалификацијата за актуар стекната во странство е со стандарди пониски од стандардите што се бараат со законот и Правилникот за начинот и постапката на спроведување на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар, Комисијата до Советот на експерти на Агенцијата ќе достави предлог, а Советот на експерти на Агенцијата ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето.

(4) Начинот и организацијата на работата на Комисијата во врска со признавање на квалификација за актуар стекната во странство се уредува со посебно Упатство кое на предлог на Комисијата го донесува Советот на експерти на Агенцијата.

(5) Документацијата за признавање на квалификација за актуар стекната во странство се чува во Агенцијата за супервизија на осигурување.

## IV. ПОСТАПКА НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

**Содржина на стручниот испит**

Член 6

Стручниот испит се состои од следните предмети утврдени со Наставната програма за полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар (во понатамошниот текст: Наставна програма) донесена од Советот на експерти на Агенцијата:

1. XI -2 ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ – ДЕЛ 2 од Наставната Програма;

2. XII -2 ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ – ДЕЛ 2 од Наставната Програма;

3. XIII -2 СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ – ДЕЛ 2 од Наставната Програма; и

4. XIV -ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА од Наставната Програма;

5. XV. ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ И ЕТИКА од Наставната Програма.

Член 7

(1) Стручниот испит го организира Агенцијата, најмалку еднаш годишно.

(2) Пред спроведување на стручниот испит, Агенцијата на својата веб страница објавува оглас за пријавување на лица за полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија во кој оглас утврдува и рок за поднесување на барања за полагање на стручниот испит до Агенцијата.

(3) Стручниот испит нема да се спроведе доколку на огласот од став (2) на овој член не се пријави ниту едно лице.

(4) Агенцијата на својата веб страница го објавува времето и местото на спроведување на стручниот испит.

(5) За полагање на стручниот испит, Агенцијата не организира обука.

**Барање за полагање на стручен испит**

Член 8

(1) Стручен испит може да полага лице кое има Решение за признавање на квалификација за актуар стекната во странство донесено од Советот на експерти на Агенцијата.

(2) За полагање на стручен испит до Агенцијата се доставува Барање за полагање на стручен испит за познавање на законите и праксата во Република Северна Македонија на Образец Барање за полагање стручен испит за познавање на законите и праксата во Република Северна Македонија кој е даден во Прилог 4 на овој правилник.

(3) Кон барањето од став (2) на овој член се доставува:

1. копија од Решението за признавање на квалификацијата за актуар стекната во странство донесено од Советот на експерти на Агенцијата и

2. доказ за платен надомест за полагање на стручен испит согласно Тарифникот на Агенцијата.

**Комисија за спроведување на Стручниот испит**

Член 9

(1) Стручниот испит го спроведува Комисијата.

(2) Агенцијата доколку смета дека е потребно, може да ангажира надворешни стручни лица кои ги исполнуваат условите за едукатор предвидени во законот, за давање на стручна помош на Комисијата при спроведување на стручниот испит.

(3) Постапката за спроведување на стручниот испит како и останатите стручно - технички прашања поврзани со испитите и работата на Комисијата, детално се пропишуваат со Упатство кое на предлог на Комисијата го донесува Советот на експерти на Агенцијата.

**Полагање на стручен испит**

Член 10

(1) Стручниот испит се полага писмено.

(2) Кандидатот успешно го положил стручниот испит доколку остварил најмалку 70% од можните бодови од секој предмет од кој е составен стручниот испит.

(3) Комисијата, за секој кандидат, и за секој предмет поединечно, го оценува описно постигнатиот успех со: „Положил“ , односно „Не положил“.

(4) На предлог на Комисијата, Агенцијата ги известува кандидатите за постигнатите резултати од спроведениот стручен испит.

Член 11

(1) Кандидатот кој не го положил стручниот испит, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодувани, може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка (приговор) до Агенцијата во рок од 3 (три) дена од денот на добивање на известување за резултатите од спроведениот стручен испит.

(2) Доставените писмени забелешки (приговори) ги решава Комисијата најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прием на забелешките (приговорот), по што за донесената одлука го известува кандидатот кој ја доставил забелешката (приговорот).

(3) По завршување на стручниот испит, Комисијата составува Записник кој содржи:

1. датум и место на одржување на испитот;

2. име и презиме на кандидатите кои го полагале испитот со постигнат резултат за секој кандидат; и

3. датум на составување на записникот и потпис на претседателот и члeновите на Комисијата.

(4) На предлог на Комисијата, Агенцијата на својата веб страна објавува официјална листа на кандидати кои го положиле стручниот испит.

Член 12

(1) Врз основа на Записникот на Комисијата од член 11 став (3) од овој правилник, на кандидатот кој успешно го положил стручниот испит во смисла на член 10 од овој правилник, Агенцијата му издава Уверение за положен стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот кога е утврдено дека стручниот испит е положен.

(2) Уверението за положен стручен испит од став (1) од овој член содржи:

1. полно име и презиме на кандидатот;

2. година и место на раѓање на кандидатот;

3. датумот на полагање на стручниот испит;

4. број и датум на издавање на Уверението за положен стручен испит;

5. име, презиме и потпис на Претседателот на Комисијата и

6. име, презиме и потпис на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

| | |
|---|---|
| Бр. 01-242/1 | Совет на експерти |
| 15 февруари 2021 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

**ПРИЛОГ 1 – Образец Барање за признавање на квалификација за актуар стекната кај високообразовна институција во странство**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]
## ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА АКТУАР СТЕКНАТА КАЈ ВИСОКООБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА ВО СТРАНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Државјанство** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |
| **7.** | **Назив на високо образовната институција која ја издала Дипломата/Уверението** | |
| **8.** | **Адреса на високо образовната институција која ја издала Дипломата/Уверението** | |

До Агенцијата за супервизија на осигурување поднесувам Барање за признавање на квалификација за актуар стекната кај високообразовна институција во странство при што ја приложувам следната документација *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски)*:

| | |
|---|---|
| 1. | Документ за лична идентификација – на увид |

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со печатни букви.

| | |
|---|---|
| 2. | Фотокопија од Диплома издадена од странската високообразовна институција (еден примерок заверен на нотар) |
| 3. | Превод од странската високообразовна диплома (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар) |
| 4. | Документ за признавање (нострификација) на странската високо образовна диплома издаден од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија |
| 5. | Фотокопија од уверение со оценки/ транскрипт или додаток на диплома (еден примерок заверен на нотар) |
| 6. | Превод од уверение со оценки/ транскрипт или додаток на диплома (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар) |
| 7. | Студиски план и програма во времетраење на студирањето објавени од страна на странската високообразовна институција |
| 8. | Доказ дека стекнатата квалификација ги исполнува условите од член 3 став (2) точка 1) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија |
| 9. | доказ за платен надоместок за признавање на квалификација за актуар стекната во странство согласно Тарифникот на Агенцијата. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам кон барањето, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи, а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат за целите на постапката на признавање на квалификација за актуар стекната во странство.

**Датум и место на поднесување**
**_____._______20____ година**

**Потпис на подносителот на барањето**
______________________________________

**ПРИЛОГ 2 – Образец Барање за признавање на квалификација за актуар стекната кај институција надлежна за спроведување на обука и испит за актуар во странство**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# БАРАЊЕ[1]

# ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА АКТУАР СТЕКНАТА КАЈ ИНСТИТУЦИЈА НАДЛЕЖНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА И ИСПИТ ЗА АКТУАР ВО СТРАНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Државјанство** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |
| **7.** | **Назив на институцијата надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство** | |
| **8.** | **Адреса на институцијата надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство** | |

До Агенцијата за супервизија на осигурување поднесувам Барање за признавање на квалификација за актуар стекната кај институција надлежна за спроведување на обука и испит за актуар во странство при што ја приложувам следната документација *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Документ за лична идентификација – на увид |

---

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со печатни букви.

| | |
|---|---|
| 2. | Фотокопија на Потврда/Уверение за положени испити за признавање на стручните квалификации согласно член 3 став (2) точка 2) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија (еден примерок заверен на нотар) |
| 3. | Превод од Потврда/Уверение за положени испити за признавање на стручните квалификации согласно член 3 став (2) точка 2) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар) |
| 4. | Наставен план и програма во времетраење на студирањето објавени од страна на институција надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство или институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар |
| 5. | Доказ дека стекнатата квалификација ги исполнува условите од член 3 став (2) точка 2) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија |
| 6. | Доказ за платен надоместок за признавање на квалификација за актуар стекната во странство согласно Тарифникот на Агенцијата. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам кон барањето, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи, а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат за целите на постапката на признавање на квалификација за актуар стекната во странство.

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подносителот на барањето**

**_____._____20____ година** **______________________________**

**ПРИЛОГ 3 – Образец Барање за признавање на квалификација за актуар која претставува дозвола за работа како овластен актуар во странство**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]
## ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА АКТУАР КОЈА ПРЕТСТАВУВА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР ВО СТРАНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Име и презиме | |
| 2. | Датум и место на раѓање (од лична карта) | |
| 3. | Адреса на живеење (од лична карта) | |
| 4. | Татково име | |
| 5. | Државјанство | |
| 5. | Контакт телефон (мобилен) | |
| 6. | Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со барањето | |
| 7. | Назив на институција надлежна за издавање на дозвола за работа како актуар во странство | |
| 8. | Адреса на институција надлежна за издавање на дозвола за работа како актуар во странство | |

До Агенцијата за супервизија на осигурување поднесувам Барање за признавање на квалификација за актуар која претставува дозвола за работа како овластен актуар во странство при што ја приложувам следната документација *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со печатни букви.

| | |
|---|---|
| 1. | Документ за лична идентификација – на увид |
| 2. | Фотокопија на Решение за дозвола за работа како овластен актуар издадена од институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство согласно член 3 став (2) точка 3) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија (еден примерок заверен на нотар) |
| 3. | Превод од Решение за дозвола за работа како овластен актуар согласно член 3 став (2) точка 3) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија, издадена од институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство (еден примерок на македонски јазик и неговото кирилско писмо заверен на нотар) |
| 4. | Наставен план и програма во времетраење на студирањето објавени од страна на институција надлежна за спроведување на обука и полагање на испит за актуар во странство или институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар |
| 5. | доказ дека институцијата која ја издала Потврдата/Уверението/Решението од точка 2 е институција надлежна за издавање дозвола за работа како овластен актуар во странство |
| 6. | Доказ за редовно членство во актуарско здружение |
| 7. | Доказ за платен надоместок за признавање на квалификација за актуар стекната во странство согласно Тарифникот на Агенцијата. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам кон барањето, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи, а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат за целите на постапката на признавање на квалификација за актуар стекната во странство.

**Датум и место на поднесување**
**_____.______20____ година**

**Потпис на подносителот на барањето**
**______________________________**

**ПРИЛОГ 4 – Образец Барање за полагање на стручен испит за познавање на законите и праксата во Република Северна Македонија**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]

## ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ПОЗНАВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ПРАКСАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име (од лична карта)** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |

Поднесувам Барање за полагање на стручен испит за познавање на законите и праксата во Република Северна Македонија.

Кон Барањето ја приложувам документацијата согласно членот 8 став (3) од Правилникот за условите и постапката за признавање на квалификација за актуар стекната во странство и полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | копија од Решението за признавање на квалификацијата за актуар стекната во странство донесено од Советот на експерти на Агенцијата и |
| 2. | Доказ за платен надоместок за полагање на стручен испит за познавање на законите и праксата во Република Северна Македонија согласно Тарифникот на Агенцијата. |

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со печатни букви.

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам кон барањето, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата.

Се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат за целите на полагање на стручен испит за познавање на законите и праксата во Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| **Датум и место на поднесување** | **Потпис на подносителот на барањето** |
| **_____.______20____ година** | **______________________________** |